Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

# ПРОГРАМА

## ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

2021-2026

# ПРОГРАМА

## ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

**2021-2026**

# I

# ВОВЕД

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 е седми по ред плански документ посветен на натамошниот развој на локалната самоуправа во Република Северна Македонија.

Програмата го одразува континуираниот интерес на сите чинители за постојан развој на локалната самоуправа, како ниво на власт кое е најблиско до граѓаните. Истата е подготвена во момент кога се одбележуваат 15 години од фактичкиот трансфер на надлежности и ресурси на единиците на локалната самоуправа. Овој период е доволен да се направи пресек на оствареното и да се утврдат целисходни стратешки и оперативни одредници за спроведување на децентрализацијата во иднина земајќи предвид дека во март, 2020 година, од страна на Советот на ЕУ беше донесена Одлука за почеток на преговори на Република Северна Македонија за пристапување кон ЕУ.

Во очекување на почетокот на преговорите, со Програмата се опфатени сите значајни аспекти на процесот на децентрализација кои придонесуваат за усогласување на системот за локална самоуправа со нормативните, институционалните. политичките и административните критериуми и стандарди на ЕУ и остварување на целите за одржлив развој на ООН.

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 во целост ги интегрира начелата за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво како и за остварување на правата на лицата со попреченост, и тоа во сите фази на нејзиното изготвување почнувајќи од тематските истражувања, преку консултативниот процес па се до изготвување на конечниот документ.

# II

# ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Република Северна Македонија има едностепена локална самоуправа, територијално организирана во 80 општини и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, што произлегува од карактерот на градот Скопје како главен град на Републиката. Со седиште во град се 43 општини, а останатите 37 се со седиште во село.

Локалната самоуправа е наведена во Уставот на Република Северна Македонија како една од темелните вредности на уставниот поредок. Покрај носењето на Законот за локална самоуправа во 2002 година со кој е утврден делокругот на надлежности на локалната самоуправа, беа подготвени и донесени законите со кои се заокружи воспоставувањето на системот на локалната самоуправа во сегментите на финансирање на единиците на локалната самоуправа, територијалната организација, меѓуопштинската соработка и рамномерниот регионален развој. Беа извршени измени од поголем обем во 30-тина други системски закони и низа поврзани специјални закони и подзаконски акти. На тој начин и преку доследно пресликување на одредбите од Повелбата за локална самоуправа на Советот на Европа во Законот за локална самоуправа но и другите релевантни закони, нашиот систем на локална самоуправа ја доби физиономијата на овој значаен политички подсистем[1] карактеристичен за државите членки на ЕУ.

Според процената на населението[2] за 2019 година, (состојба 30 јуни) направена во функција на подготовка на Стратегијата за регионален развој 2020 – 2030, во Република Северна Македонија живеат 2076694

1 70% од заедничкото право а ЕУ се спроведува од страна на субнационалните власти во државите членки.

2 Студија со секторска анализа на демографскиот развој, Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска и Доц. д-р Марија Љакоска, октомври, 2020 година

жители. Во однос на 2010 година, проценет е апсолутен пораст од само 21690 жители со вкупна стапка на пораст од само 1,1%, и просечна годишна стапка на пораст од 0,117%.

Големата нерамномерност во разместеноста на населението е еден од најзначајните демографски предизвици на Република Северна Македонија. Во 2019 година во Скопскиот плански регион на само 7,13% од територијата на државата, живее 30,44% од вкупното население. Во општини со седиште во град е сконцентрирано нешто повеќе од половина (54,8%) од вкупното население, 18,5% од населението живее во општините со седиште во село, додека 26,7% живее во општините во градот Скопје.

Спроведувањето на процесот на фискална децентрализација резултираше со постепено зголемување на учеството на вкупните приходи на единиците на локалната самоуправа во БДП и тоа од 2,2% во 2006 година на 5,4% во 2019 година. Во периодот 2013-2019 година во структурата на приходите, сепак дотациите претставуваат највисока ставка и во подолг период учествуваат со близу 60% во вкупните приходи. Во истиот период, приходите во руралните и урбаните општини бележат раст од над 33%, а во градот Скопје со општините забележан е пораст од 29%.[3]

По однос на задоволството на граѓаните од нивната општина како место за живеење, речиси половина од испитаниците (49,2%) на последното анкетно истражување на УНДП од јули, 2020 г., искажале генерално задоволство но откако ќе се навлезе подлабоко во испитување на нивните перцепции за квалитетот на животот, 41,8% од анкетираните граѓани се изјасниле дека се делумно или целосно задоволни. По однос на начинот на кој се менаџира со општината каде живеат, 35,1% од анкетираните граѓани изразиле целосно или делумно задоволство.

Согласно наодите од низа позадински материјали кои беа користени при подготовка на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 евидентно е дека постои висок степен на подготвеност на сите чинители фокусот на децентрализацијата

[3] Извор: Компаративна анализа за финансирање на локалните власти во периодот 2013-2017 UNDP/Министерство за финансии, Скопје, октомври 2017 г., и Нацрт Извештај за финансирање на општините во 2019 година, UNDP/Министерство за финансии, октомври 2020 г.

на кус рок да биде ставен на надминување на последиците од кризата предизвикана од корона вирусот Ковид-19, на подобрување на рамката за финансирање на пренесените надлежности како и на потребата од трансформирање на што е можно повеќе од споделените надлежности во целосно пренесени надлежности на општините зголемувајќи ја притоа нивната автономија и обезбедувајќи премин од претежно институционална во функционална децентрализација. Според изјаснувањето на засегнатите страни, за наредниот програмски период на среден рок, фокусот треба да биде ставен на внимателно обмислување и процесирање на трансферот на нови надлежности. Во овој контекст, општините изразуваат потреба и се подготвени да прифатат нови надлежности веднаш но под услов да се оствари висок степен на автономија во нивното спроведување и да бидат обезбедени доволно финансиски средства и човечки ресурси.

Во контекст на европските интеграции може да се очекува дека согласно со новата Методологија за проширување на ЕУ, резултатите од спроведувањето на процесот на децентрализација ќе продолжат да бидат оценувани како политички критериум за членство. Периодот 2021 – 2026 година е исклучитено значаен за спроведување на пообемни подготовки за интегрирање на нашите општини во административниот простор на ЕУ. Во овој контекст, општините треба да се оспособат и прилагодат на административните правила и стандарди на ЕУ вклучувајќи воспоставување на соодветна рамка за добро локално владеење, управување со финансиските средства и контрола како и стандардизирање на сите локални услуги.

III

# ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

## 1. Процес на формулирање на целите, приоритетите и мерките

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 е подготвена согласно со претходно усвоена Методологија од страна на Министерството за локална самоуправа и Координативното тело за мониторинг на спроведувањето на претходната Програма, која наложи спроведување на следниве чекори:

1. Подготовка и реализација на тематски истражувања со цел оптимално да се информира процесот на консултации и носењето на одлуки;
2. Спроведување сеопфатен процес на консултации со сите засегнати страни низ соодветни настани (работилници и конференции);
3. Мапирање на клучните секторски политики и друга документација како основа за програмирање на апликативни мерки и активности.

Со цел подетално да се информираат засегнатите страни, во 2018, 2019 и првата половина на 2020 година, низ проекти на Министерството за локална самоуправа реализирани со финансиска и техничка помош на ЕУ преку ИПА инструментот, УНДП, Швајцарската амбасада и Швајцарската Агенција за соработка, беа подготвени:

- Компаративна анализа за финансирање на општините во периодот 2013 – 2017 г. (септември, 2018 г.);
- Проценка на постојните општински центри за услуги и идентификација на можности за развој на услугите - Едношалтерски системи за услуги (септември 2018 г.);
- Статус и улога на месните и урбаните заедници во единиците

на локалната самоуправа - Извештај за можностите за подобрување на нивната функционалност и ефикасност (февруари, 2019 г.);

- Годишни извештаи за развојот на системот за финансирање на општините (2017 , 2018 и 2019 г.);
- Извештај од трите регионални конференции на тема „Партнерства за забрзана децентрализација, инклузивен и одржлив раст“ (јули, 2019 г.);
- Извештај од годишната Конференција за децентрализација и локално владеење на тема „Зајакнување на заедниците: нов момент за децентрализацијата“ која се одржа во Скопје на 21-22 ноември 2019 г. (декември 2019 г.);
- Извештај за реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 - 2020 за периодот 2018 - прва половина на 2019 година (јануари, 2020);
- Методологија за програмирање на процесот на децентрализација за периодот 2021 – 2026 г., со Извештај од преглед на документи за локално управување и децентрализација (април, 2020);
- Извештај од спроведената анкета со единиците на локалната самоуправа - Постоечка состојба по однос на капацитетот за локално управување и испорака на локалните услуги во услови на криза и прогласена вонредна состојба предизвикана од пандемијата со корона вирусот Ковид – 19 (мај 2020);
- Интегрален Извештај од продлабочено истражување на влијанието на пандемијата предизвикана од корона вирусот Ковид – 19 врз пет (5) пилот општини и нивниот локален одговор (септември, 2020);
- Извештаи од спроведените анкети со кои се испита задоволството на граѓаните од локалните услуги во 2018, 2019 и 2020 г.;
- Извештај од последниот циклус на десет консултативни настани одржани во периодот помеѓу 14 и 25 декември, 2020 г. (јануари, 2021).

Значаен придонес за одредување на главната цел, специфичните цели приоритетите и мерките на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 беше обезбеден преку низа на тематски настани кои се одржаа во периодот јуни – ноември, 2019 година и од 14 до 25 декември 2020 година и тоа:

- Три регионални конференции на тема „Партнерства за забрзана децентрализација, инклузивен и одржлив раст" кои се одржаа во период од една седмица (7 – 13 јуни, 2019 г.) и дополнителна стратешка работилница (крај на август, 2019 г.), на кои преставници на министерствата, единиците на локалната самоуправа, универзитетите и граѓанскиот сектор отворено дискутираа на актуелни теми во врска со спроведувањето на децентрализацијата;
- Годишна Конференција за децентрализација и локално владеење на тема „Зајакнување на заедниците: нов момент за децентрализацијата" која се одржа во Скопје на 21-22 ноември 2019 година, и
- Воведен настан и девет тематски настани - работилници со вкупно учество на над 220 претставници на засегнатите страни, вклучувајќи и претставници на десетина здруженија на граѓани во периодот помеѓу 14 и 25 декември, 2020 година.

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 е усогласена и со следните национални стратешки документи вклучувајќи ја и оперативната рамка за интеграција со ЕУ:

- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2020 – 2024 година (септември, 2020 г.);
- Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021 – 2023 (јули, 2020);
- Програма на економски реформи 2021 – 2023 година (јануари 2021 г.);
- Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 година со Акциски План (октомври, 2019 г.)
- Стратегијата за регионален развој 2021-2031;
- Систематизирани ставови на ЗЕЛС (2018 г.);
- Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија (октомври, 2020 г.);
- „Европскиот Зелен Договор", Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан и Зелената Агенда за Западен Балкан чија стратешка цел е да ја направи економијата на ЕУ и на Западен Балкан одржлива преку трансформација на климатските и еколошки предизвици во можности, и праведна транзиција со вклученост на сите[?] како и други приоритети на Европската Унија вклучувајќи ги *„Европа подготвена за дигиталната ера"* – како дигитална стратегија на ЕУ која

цели кон зајакнување на населението со нова генерација на технологии, и „*Економија која функционира за сите луѓе*“ – со цел да се создаде атрактивна инвестициска средина, раст кој создава квалитетни работни места особено за младите и малите бизниси.

**Придонес на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација кон остварување на целите за одржлив развој (ЦОР/SDGs) на Организацијата на обединетите нации (Агенда за одржлив развој 2030)**

Целите за одржлив развој, како и нивната локализација претставуваат исклучителна можност за јакнење на процесот на децентрализација и поттикнувањето на нови форми на соработка меѓу различните нивоа на власт, како и вклучување на сите други чинители во развојните процеси. Програмата за одржлив локален развој и децентрализација, како единствен сеопфатен плански документ ја претставува рамката на националните одредници за спроведување на децентрализацијата и поттикнување одржлив локален развој. Во таа смисла, целите на Програмата ја поставуваат рамката поврзана со управувањето со локалните ресурси, фискалната и финансиската децентрализација, инклузивниот економски развој и заштитата на животната средина, односно ги утврдуваат условите за имплементација и следење на целите за одржлив развој.

Преку спроведувањето на Програмата ќе се овозможи поефикасна локализација и поефективно остварување на целите за одржлив развој (ЦОР) и Агендата за одржлив развој 2030 како и на обврските преземени од страна на Републиката со меѓународни договори како што е Парискиот Договор за климатски промени и Рамката на Сендаи за намалување на ризикот од катастрофи. Со утврдените цели на Програмата и предвидените мерки за нивно остварување, е обезбедена конзистентност со сите ЦОР земајќи го предвид делокругот на надлежности на локалната самоуправа.

Родовата перспектива е клучна во градење на родово одговорен локален развој и процес на децентрализација. Согласно одредбите на Законот за еднакви можности на жените и мажите, родовата перспектива е интегрирана во Програмата на ниво на специфични мерки поврзани со најголем дел од тематските приоритети, земајќи ги предвид различните потреби, предизвици и можности на жените и мажите, што пак обезбедува родово одговорен системски пристап.

## 2. Цели, приоритети и мерки на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 е политика на Владата на Република Северна Македонија која на партиципативен начин ја подготвува и предлага Министерството за локална самоуправа и со која на среден рок се определуваат целите и приоритетите за развој на локалната самоуправа и спроведувањето на процесот на децентрализација. Бидејќи процесот на децентрализација е мултисекторски, оваа политика навлегува во политиките на скоро сите министерства и затоа е неопходно директно учество на сите, вклучувајќи и други надлежни институции, ЗЕЛС, локалните власти и граѓанскиот сектор во нејзиното подготвување и спроведување.

Појдовна точка за формулирање на оваа Програма е **визијата за континуирано подобрување на функционалноста на локалната самоуправа од сите аспекти** и со долгорочна цел да се создадат отпорни единици на локалната самоуправа кои одржливо се развиваат и се оспособени да испорачуваат квалитетни услуги со целосен опфат на населението. Земајќи ги предвид тешките здравствени и социо-економски последици од кризата предизвикана од корона вирусот Ковид-19, **генерална цел на Програмата за наредниот шестгодишен период е да се овозможи ефикасно опоравување на општините, зголемување на нивната отпорност, финансиска стабилност и одржливост на локалните услуги, создавајќи предуслови за подинамичен и зелен локален раст и развој**.

Очекуван резултат на крај од овој програмски период е да се остварат суштински позитивни промени во функционирањето на локалната самоуправа, општините да се ослободат од  наталожени долгови и да испорачуваат квалитетни услуги на одржлив начин, подеднакво да се грижат за сите граѓани а особено за најранливите, транспарентно и отчетно да ги спроведуваат надлежностите и конзистентно да ги вклучуваат граѓаните во донесувањето на важните одлуки.

За постигнување на главната цел на Програмата согласно заложбите на сите чинители изразени низ консултативниот процес, неопходно е да се постигнат следниве специфични цели:

1. Ефективно опоравување на општините од кризата предизвикана од Ковид – 19 и други кризи предизвикани од природна непогода или друга несреќа;
2. Доволност на финансиски средства за спроведување на пренесените и новите надлежности;
3. Намалени диспаритети помеѓу урбаните и руралните општини, преку воспоставување интегриран, транспарентен и предвидлив систем на дотации со вградена компонента за финансиско воедначување;
4. Премин од претежно институционална кон функционална децентрализација;
5. Систематично зајакнати капацитети на општините со цел ефикасно да се апсорбираат зголемени финансиски средства и обврски, и
6. Доследна примена на принципите за добро владеење (инклузивност, транспарентност, отчетност и партиципативност) на локално ниво.

Приоритетите за постигнување на главната цел и специфичните цели се групирани во четири компоненти на Програмата:

- **Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа;**
- **Иновативен и инклузивен локален економски развој;**
- **Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението, и**
- **Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа.**

Четирите компоненти се меѓусебно поврзани. Мерките и активностите кои се утврдени за остварување на приоритетите под секоја компонента влијаат на остварувањето на приоритетите од другите компоненти, па оттаму и потребата од синхронизирано спроведување на Програмата со учество на сите засегнати страни.

# КОМПОНЕНТА

# 1

## НОРМАТИВНА РАМКА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## Приоритет 1.1: Подобрување на нормативната рамка и други функционални аспекти на системот на локална самоуправа

Децентрализацијата е вградена како еден од врвните приоритети во Програмата на Владата на Република Северна Македонија за периодот од 2020 до 2024 година, и на тој начин е позитивно одговорено на барањето на ЗЕЛС овој процес да биде поставен високо на реформската агенда. Соодветни можности за ефективно унапредување на нормативната рамка на системот за локална самоуправа се создадени со финализирањето на процесот на оценување на спроведувањето на Законот за локална самоуправа и Законот за градот Скопје. Овој партиципативен процес резултираше со идентификување на сите одредби кои треба да бидат унапредени со цел да се подобри примената на законите. Треба да се одбележи и динамизирањето на процесот на премин од институционална во функционална децентрализација, предводен од Владата и ЗЕЛС, и чија цел е да се создадат механизми и систем на локална самоуправа кој ќе биде одржлив, овозможувајќи сите единици на локалната самоуправа да имаат еднакви можности за испорака на услуги кон граѓаните. Притоа од значење е одржливо да се унапредува меѓуопштинската соработка.

Фактичкиот почеток и спроведувањето на преговорите со ЕУ за пристапување на Република Северна Македонија ќе се преклопи со процесот на спроведување на новата Програма за одржлив локален развој и децентрализација и од таа причина во периодот до 2026 година, неопходно е да се спроведат сеопфатни подготовки за интегрирање на нашите општини во административниот простор на ЕУ. Унапредувањето на нормативната рамка е предуслов и за поефикасно остварување на Целите за одржлив развој на локално ниво. Во овој контекст, општините треба да се оспособат и прилагодат на правилата и стандардите за добро локално владеење на ЕУ, овозможувајќи континуирана транспарентност и квалитетен пристап до информации, отчетност, вклученост на сите засегнати страни а особено на здруженијата на граѓани во процесот на носење на локалните одлуки, посветност на најранливите категории од населението и на постигнување висок степен на родова еднаквост како и воспоставување соодветни стандарди за испорака на сите општински услуги. Во овој контекст како посебен предизвик се наметнува дигитализацијата на општинските административни услуги со оглед на потребата од комплексни организациски прилагодувања,

поедноставување на процедурите и постигнување на ефективен степен на интероперабилност. Административната традиција на ЕУ упатува на општината како единствена точка за контакт за услуги и оваа цел би се достигнала низ воспоставување на функционални сервисни (услужни) центри во општините.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Подобрување на законската рамка во насока на подоследна примена на начелото на супсидијарност и обезбедување поголема самостојност на единиците на локалната самоуправа во спроведување на пренесените надлежности;

1.1.2 Подобрување на сите аспекти на доброто локално владеење со фокус на унапредување на локалната транспарентност, пристапот до информации, инклузивноста и отчетноста;

1.1.3 Доуредување на целокупниот систем и надлежностите поврзани со вршење инспекциски надзор но и надзор над законитоста на работата на органите на општините;

1.1.4 Унапредување на функционирањето на органите (градоначалник и совет) на единиците на локалната самоуправа;

1.1.5 Создавање на услови за доследна примена на принципот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа;

1.1.6 Стимулирање и унапредување на меѓуопштинска соработка;

1.1.7 Подобрување на локалните административни услуги преку дигитализација, проследено со изградба на соодветни капацитети и стандарди;

1.1.8 Унапредување на функционалните аспекти на урбаните и месните заедници;

1.1.9 Пренесување нови надлежности со обезбедени неопходни човечки и финансиски ресурси за нивно спроведување;

1.1.10 Понатамошно унапредување на локалните политики за обезбедување интегритет и управување со ризици од корупција.

## Приоритет 1.2: Обезбедување доволно финансиски средства за спроведување на сите децентрализирани надлежности преку продлабочување на фискалната децентрализација

Клучна определба за наредниот програмски период е да се зајакнат фискалните капацитети на единиците на локалната самоуправа, особено сопствените извори на приходи и да се зголеми одговорноста и транспарентноста во нивното работење. Успешното администрирање и наплата на сопствените приходи ќе обезбеди финансиски понезависни единици на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди премин од претежно институционална во функционална децентрализација предвидено е да се направи анализа на постојните модели и методологии за распределба на средствата од даноците и дотациите по општини и согласно со наодите истите да се ревидираат и унапредат. Истотака, ќе се создаде со закон утврдена обврска и ќе се доуредат сите процедурални аспекти за доследно родово буџетирање. Согласно со Програмата на Владата 2020 – 2024 ќе се воспостави интегриран систем за стимулација и развој на општините кој ќе резултира со испорака на поквалитетни и понавремени услуги за сите граѓани.

Секоја општина при користење на средства од државниот буџет треба да ги прифати јасните правила за транспарентност во своето работење и ставање на увид на јавноста на сите финансиски трошоци, вклучувајќи навремено пријавување и евидентирање на сите обврски, а со тоа и да зајакне одговорноста при располагање со јавни средства. Правилниците и прирачниците за внатрешна контрола и ревизија кои е предвидено да се ажурираат во наредниот период, ќе треба доследно да се применуваат од страна на единиците на локалната самоуправа за што е неопходен засебен процес на развој на административните капацитети. Зајакнатиот мониторинг и поефикасната внатрешна ревизија и контрола се очекува повеќекратно да го подобри управување со јавните финансии и значајно да ги намали ризиците поврзани со финансиската стабилност на општините, локалните установи и претпријатија.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Продлабочување на фискалната децентрализација низ постепено зголемување на приходите на општините преку

зајакнување на сопствените извори на приходи, зголемување на фискалниот напор и повисоки трансфери од централниот буџет;

1.1.2 Зајакнување на капацитетот на единиците на локалната самоуправа за успешно администрирање и наплата на сопствените приходи;

1.1.3 Унапредување на внатрешната контрола и ревизија од страна на општините со цел да се подобри управувањето со јавните финансии и да се намалат ризиците поврзани со финансиската стабилност на општините, локалните установи и претпријатија;

1.1.4 Доследна примена [illegible] за фискална транспарентност вклучувајќи навр[illegible]ијавување и евидентирање на обврските, а со тоа и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства;

1.1.5 Обезбедување сеопфатно учество на јавноста во процесот на подготовка на општинските буџети преку организирање буџетски форуми и примена на други современи алатки за собирање на мислења и предлози од граѓаните;

1.1.6 Изградба на капацитети за доследна примена на начелото за родово одговорно буџетирање и споделување на успешните практики.

# КОМПОНЕНТА

## ИНОВАТИВЕН И ИНКЛУЗИВЕН ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Приоритет 2.1: Создавање на неопходни предуслови за забрзан економски развој и раст на единиците на локалната самоуправа

Земајќи ги предвид економските последици од здравствената криза предизвикана од Ковид - 19, клучна определба поврзана со локалниот економски развој (ЛЕР) е да се создава поволен локален инвестициски амбиент и да се зголеми конкурентноста на приватниот сектор во секоја единица на локалната самоуправа. Оттаму и потребата од засилена координација и соработка по вертикала, помеѓу надлежните органи на државната управа, специјализираните агенции, дирекции и фондови со единиците на локалната самоуправа но и сеопфатно вклучување на сите засегнати страни во општините. Клучен придонес за подобрена координација во наредниот период треба да остварат општинските економско социјални совети кои треба да прераснат во промотори на локалниот економски развој и да одиграат клучна улога во подготовката и спроведувањето на општинските стратегии и планови за ЛЕР. Особено внимание треба да се посвети и на развојот на човечките капацитети во администрацијата на општините со фокус на руралните општини и на поттикнувањето на меѓуопштинската соработка за економски развој преку искористување на споредбените предности и паметна специјализација на ниво на општини и плански региони.

Единиците на локалната самоуправа во рамки на сопствениот делокруг на надлежности ќе продолжат да го поттикнуваат локалниот економски развој преку изградба на комунална инфраструктура, развој на економски зони, обезбедување мобилност, урбанистичкото планирање и уредување на градежно земјиште. Иако директната помош за приватниот сектор претежно се реализира од страна на централната власт треба да се обезбеди попродуктивна улога за општините при субвенционирање и поддршка на претпријатијата олеснувајќи го притоа пристапот до финанска помош и информациите за претпријатијата, а особено за новооснованите компании. Обезбедување поволности во локалната даночна политика е една од мерките кои општините треба да ги спроведат во наредниот период, поврзано со ослободувања од даноци на одредени категории на услуги (обука, квалификации, добивање лиценци) но и поинвентивно да се пристапи кон унапредување на локалните надоместоци кои се непосредно поврзани со вршење економски дејности, а со цел да се стимулира локалниот економски развој. Не помалку значајно е општините активно да се приклучат и кон напорите на државата за

намалување на административните процедури и бариери за основање и работа на компаниите и пристап до електронски услуги.

Во наредниот период императивно е да се зајакнат надлежностите на единиците на локалната самоуправа во туризмот и угостителството, но и во областа на земјоделието и руралниот развој. На овој начин ќе се остварат и позитивни ефекти врз приходната страна на општинските буџети.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Продлабочување на соработката на општините со централната власт и другите засегнати страни за развој на општинските економски зони и привлекување на инвестиции но и во сите процеси за финансиска и друга поддршка на претпријатијата;

1.1.2 Обезбедување на зајакната улога за општинските економско социјални совети како клучни партиципативни тела и промотори на локалниот економски и социјален развој на општините;

1.1.3 Доследна партиципативна подготовка и спроведување на општинските стратегии и планови за ЛЕР со фокус на искористување на споредбените предности и паметна специјализација, воспоставувајќи притоа облици на соработка со соседни општини и на ниво на плански регион;

1.1.4 Зајакнување на постоечките и трансфер на нови надлежности во туризмот и угостителството, но и во областа на земјоделието и руралниот развој;

1.1.5 Обезбедување зајакнато учество на општините во спроведување на националните стратегии за развој на малите и средни претшријатија, индустријата, женското претприемништво, формализирање на неформалната економија и развој на туризмот.

1.1.6 Вклучување на здруженијата на граѓани во процесот на подготовка и спроведување на политиките и мерките за локален економски развој а преку нив и на ранливите категории од населението со цел да се јакне социјалното претприемништво, да се инкубираат социјални претпријатија и старт-ап бизниси, порешително да се поддржат жените во

отварање и водење бизнис и систематски да се намалуваат бариерите за пристап на жените до пазарот на труд;

1.1.7 Подготовка и спроведување на програми за развој на човечките капацитети во администрацијата на општините;

1.1.8 Воспоставување стимулативна локална даночна политика и обезбедување поволности за приватниот сектор;

1.1.9 Одржливо и систематско собирање на податоци и создавање на статистика на ниво на општини која потоа може да се искористи за пресметување на Индекс на локален развој.

## Приоритет 2.2: Развој на локални политики за намалување на невработеноста и спроведување на комплементарни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа

Намалување на невработеноста а преку неа и на сиромаштијата во единиците на локалната самуправа е можно доколку со добро насочени мерки се обезбеди поголема продуктивност и конкурентност на работната сила (унапредени вештини и компетенции) и доколку прецизно се таргетираат најранливите категории население. На ова се надоврзува и потребата од синхронизирано спроведување на повеќе мерки кои би допринеле за позабрзан економски развој низ подобрена инвестициска клима, унапредена нормативната рамка од областа на трудот, зајакнат социјален дијалог и колективно договарање.

Постоечката состојба со невработеноста особено поради влошувањето настанато поради кризата со Ковид -19, наложува потреба од поголемо вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е можно поцелисходни мерки за намалување на невработеноста. Притоа, клучна целна група треба да бидат младите невработени лица, жените и ранливите групи, а особено лицата со попреченост. Императивно е да се остварува поконкретна соработка на општините со Центарот за стручно образование и обука на возрасните, во насока на подготовка и спроведување на програми за преквалификација и доквалификација на работната сила, односно за образование на возрасни во рамките на потребите на пазарот на труд во општините.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Засилено вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд, како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е можно поцелисходни мерки за намалување на невработеноста со фокус на најранливите групи од населението, вклучувајќи ги младите и жените;

1.1.2 Подготовка на евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините и мапирање на потребите од вработување (*структура на вработени и невработени, можности за обука, понудата и побарувачката и други прашања кои се битни за правење на анализи на потребите од знаења и вештини*);

1.1.3 Искористување на постоечките капацитети на стручните установи за обезбедување образование на возрасни, вклучувајќи воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка.

# КОМПОНЕНТА

# 3

## КВАЛИТЕТНИ ЛОКАЛНИ УСЛУГИ СО ЦЕЛОСЕН ОПФАТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

## Приоритет 3.1: Поквалитетно основно и средно образование во функција на забрзан социо-економски развој на единиците на локалната самоуправа

Основното образование во Република Северна Македонија се реализира во 334 централни основни училишта, во чии рамки делуваат 630 подрачни училишта. Големиот број на подрачни училишта придонесува за зголемени трошоци и за невоедначен квалитет на наставата. Средното образование се реализира во 109 училишта од кои 38 се комбинирани (реализираат и гимназиско и стручно образование).

Зголемените трошоци и императивот за квалитетно образование налагаат потреба од оптимизација на мрежите на училишта за основно и средно образование. Во однос на финансирањето, дополнителен предизвик е потребата од унапредувањето на блок дотациите како и програмирањето и начинот на дистрибуција на инвестициските програми на Министерството за образование и наука, а се со цел да се прилагоди овој систем на финансирање на спецификите на училиштата, а особено на основните училишта кои имаат голем број на подрачни училишта. Во однос на средните училишта, посебен предизвик е да се обезбедат доволно средства за реализирање на практичната настава во лаборатории и работилници во стручните училишта како и финансирањето на превозот на учениците.

Карактеристичен предизвик на образовниот систем во целина е етничката сегрегација. Адресирањето на овој предизвик е поврзано и со заложбите за развој на инклузивно образование сообразено со спецификите на секоја единица на локалната самоуправа, интеркултурализмот и градењето на современо, граѓанско, демократско и плурално општество во Република Северна Македонија. Оттаму и заложбата во наредниот програмски период да се создаде целосно интегриран и инклузивен систем на основно и средно образование. Притоа, особено внимание треба да се посвети на децата со попреченост и децата од ранливите и маргинализирани групи, преку целосно прилагодување на образовните услуги, и побрзо вклучување на пазарот на трудот, водејќи сметка и за родовиот аспект.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Оптимизација на мрежите на училишта за основно и средно

образование;

1.1.2 Унапредување на системот за финансирање на основното и средно образование и обезбедување доволно финансиски средства за непречено одвивање и повисок воедначен квалитет на наставата како и целосен опфат на ученици во основните и средни училишта:

1.1.3 Дизајнирање и спроведување на повеќегодишна програма за зголемување на бројот на училишта со етнички интегрирани ученици и соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграција;

1.1.4 Целосно интегрирање на децата од заедницата на ромите во образовниот процес;

1.1.5 Целосна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес и прилагодување на физичкиот простор и наставните помагала кон нивните потреби;

1.1.6 Формирање на одделенија за образование во рамките на поголемите единици на локалната самоуправа и воспоставување облици на меѓуопштинска соработка, со цел да се помогне на помалите единици на локалната самоуправа да постигнат поусогласен квалитет на образовните услуги и подобро да се поврзат со пазарот на труд.

## Приоритет 3.2: Унапредување на локалните услуги поврзани со социјалната заштита и заштитата на децата од страна на единиците на локалната самоуправа

Во системот на социјалната заштита на локално ниво функционираат вкупно 30 Центри за социјална работа од кои 22 имаат надлежност на подрачјето на две или повеќе општини. На оваа мрежа кој е субординирана на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) се надоврзува мрежа на 34 дневни центри за лица со попреченост. Од друга страна, општините управуваат со 5 јавни установи за сместување на стари лица, 71 јавни установи за деца - детски градинки распоредени во 60 општини (во 21 општина функционираат и 41 група за згрижување на деца во други просторни услови) а во рамките на 15 јавни општински установи за деца има вкупно 35 центри за ран детски развој.

Процесот на деинституционализација на социјалната заштита во моментов се спроведува како приоритет во споредба со

децентрализацијата и може да се констатира дека е придвижен од страна на МТСП но без посериозно учество на општините. Ограничената децентрализација во оваа област придонесува и за недостаток на стручен капацитет во општините. Одреден напредок во процесот на децентрализација е остварен преку воведувањето на обврската за востановување на општински и регионални Совети за социјална заштита како партиципативни тела на сите релевантни локални чинители кои се задолжени да изготват социјален план за подрачјето на секоја општина. Социјалниот план треба да содржи мапа на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и на специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината. Врз основа на социјалниот план, секоја општина треба да изготви годишна програма за социјалната заштита. Сепак, според достапните сознанија голем дел од општините се уште го немаат формирано овој Совет и потребно е истите да бидат формирани во најкус можен рок.

Една од клучните определби за наредниот програмски период е да се обезбеди висок степен на комплементарност на вложувањата во социјалната заштита на двете нивои на власт но и да се овозможи отворање канцеларија на центрите за социјална работа во секоја општина. Покрај заедничкото управување со јавните средства за социјална заштита, вклучувањето на општините обезбедува и посоодветни услови за креирање на услугите заедно со корисниците и нивно прилагодување кон локалниот контекст и потреби на корисниците. За реализација на оваа определба воспоставена е засебна програма на МТСП со средства обезбедени преку заем од Светската банка. Треба да се напомене и дека со новиот Закон за социјалната заштита се воспоставува и нов начин на финансирање на социјалните услуги, кои можат да бидат давани од различни физички и правни лица, вклучувајќи и граѓански здруженија.

Како дел од оваа резимирана анализа на состојбите треба да се истакне зголемената динамика на спроведување на Стратегијата за Ромите но и потребата да се зголеми инволвирањето на општините преку програмирање и спроведување на комплементарни мерки и активности.

Како врвен приоритет особено земајќи ги предвид последиците од здравствената криза предизвикана од Ковид 19 се наметнува грижата за лицата со попреченост кои во подолг период за време на кризата

останаа без соодветни услуги. Оттаму и потребата во наредниот период да се унапредат услугите за професионална рехабилитација на лицата со попреченост и лична асистенција, овозможувајќи полесен влез во образовниот систем, на пазарот на трудот, како и нивно целосно социјално вклучување.

Во тек е и постапка за донесување нов Закон за еднакви можности на жените и мажите во кој се зајакнати сите одредби за практично спроведување на целите на законот и императивно е во наредниот период да дојде до целосно спроведување на законот и резултатите да продолжат да бидат мерени преку примена на Индексот на родова еднаквост и низ негова позасилена локализација.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Активно учество на општините во процесот на деинституционализација;

1.1.2 Востановување на општинските и регионалните совети за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа и подготовка на социјалните планови врз основа на сеопфатно мапирање на ранливите групи и нивните потреби;

1.1.3 Постепено инволвирање на општините во управувањето со центрите за социјална работа и дневните центри за испорака на различни видови социјални услуги а со цел да се обезбеди висок степен на комплементарност на вложувањата во социјалната заштита на двете нивои на власт но и да се овозможи отворање канцеларија на центрите за социјална работа во секоја општина;

1.1.4 Унапредено финансирање на социјалната заштита и заштитата на децата;

1.1.5 Планирање на заедничка програма со централната власт и регулаторните тела за субвенционирање на сметките на корисниците на комуналните услуги кои припаѓаат на ранливите групи и користат социјална помош и услуги;

1.1.6 Постепен премин кон функционална децентрализација

во оваа област на начин што ќе се обезбеди финансиска поддршка за општини во кои нема пренесени детски градинки и други установи за социјална заштита, овозможувајќи и алтернативни начини за згрижување деца особено во руралните општини;

1.1.7 Стимулирање на меѓуопштинската соработка и подготовка и спроведување на програми за развој на капацитети и стручно оспособување на вработените во општините;

1.1.8 Интегрирање на услугите поврзани со социјалното домување во областа на социјалната заштита како локална надлежност и обезбедување стабилно финансирање во комбинација со наменски трансфери на средства од Централниот буџет;

1.1.9 Усвојување на пристап „од долу нагоре“ за креирање на локалните услуги заедно со крајните корисници и развој на нови социјални услуги за поддршка на лицата со попреченост;

1.1.10 Засилено спроведување на Стратегијата за ромите и поврзаните акциски планови во сите тематски области, формирање на координативни тела во општините и обезбедување зајакната координација со националното координативно тело;

1.1.11 Воспоставување систематска соработка помеѓу центрите за социјална работа, општините, центрите за вработување, здруженијата на граѓани, училиштата, полициските станици и други организации за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција;

1.1.12 Проширување на мрежата на засолништа за жртви на родово засновано насилство;

1.1.13 Целосно спроведување на новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите со фокус на мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост во сите хоризонтални програми на општините, јакнење на улогата на општинските координатори за еднакви можности и на структурните врски помеѓу Комисиите за еднакви можности и советите на општините и локализирање на Индексот на родова еднаквост.

## Приоритет 3.3: Развој на единиците на локалната самоуправа преку културата

Ефикасно спроведување на надлежностите на општините кои се поврзани со културата допринесува за негување на културното наследство, афирмација на различностите од етничка и културна припадност и развој на културните индустрии како специфичен пазарен сегмент. За да се оствари оваа цел треба да се јакнат капацитетите на сите локални чинители покрај локалните установи од областа на културата, како кадровски, така и инфраструктурно, технички и програмски.

Неопходно е да продложат сите активности за воспоставување на партнерства со приватниот сектор и здруженија на граѓани со цел да се искористи целокупниот потенцијал на културата за забрзан локален економскиот развој. Од таа причина, клучен приоритет за наредниот период е единиците на локалната самоуправа поддржани од Министерството за култура да овозможат позабрзан развој на локалните културни и креативни индустрии како темел на развојот на туризмот преку поддршка за основање креативни центри и инкубатори. За остварување на овој приоритет неопходно е да се диверзифицираат изворите за финансирање на културата преку систем на даночни олеснувања и поттикнување на донаторство, спонзорирање, меценството и други форми на финансирање.

Со цел да се овозможи поцелосна функционална децентрализација на културата неопходно е сите општини да бидат поддржани со дотации и да бидат обезбедени стабилни механизми за ко-финансирање на учесници во програми и проекти поддржани од ЕУ и други донатори. Неопходно е и постепено зголемување на блок дотациите со цел да се задоволат сите реални потреби на локалните установи вклучувајќи ги не само средствата за тековно и материјално одржување, туку и за нови инвестиции, а се со цел да се подобри состојбата на објектите и нивната функционалност. Особено внимание треба да се посвети на потребата од остварување на комплементарни ефекти на сите културни програми за поддршка на младите, жените и ранливите групи од населението при што во контекст на развојот на културата треба да продолжи поддршката за основање на Младински културни центри како мултимедијални центри во градовите. Поради ограничениот број на локални установи од културата, и обезбедувањето на економија

на обем препорачливо е да се искористат и можностите кои ги нуди Законот за меѓуопштинска соработка и доколку постои интерес кај општините, дел од општинските установи да се трансформираат во заеднички (меѓуопштински) установи.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Функционална децентрализација и деметрополизација на културата;

1.1.2 Постепен трансфер на дел од установи од националната мрежа со фокус на центрите за култура;

1.1.3 Подготовка и спроведување на програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници како и програми за поддршка на активности за младите, жените и ранливите групи од населението;

1.1.4 Јакнење на кадровските, инфраструктурни, технички и програмски капацитети на сите локални чинители покрај мрежата на локални установи во областа на културата за осмислување локални културни политики и среднорочни и долгорочни стратегиски планови за локален културен развој;

1.1.5 Воспоставување на партнерства со вон-институционалниот сектор со цел да се искористи целокупниот потенцијал на културата за забрзан развој на локалните културни и креативни индустрии како темел на развојот на туризмот, занаетчиството и други поврзани економски гранки;

1.1.6 Обезбедување систематска поддршка за постепено основање на Младински културни центри како мултимедијални центри во градовите.

## Приоритет 3.4: Унапредување на спортот и рекреацијата во единиците на локалната самоуправа

Спортот и рекреацијата се област од делокруг на надлежност на локалната самоуправа која придонесува кон развој на инклузивно, отворено и толерантно општество и овозможува социјална интеракција и позитивно влијае особено врз младите лица. Оттаму и заложбата да се унапредува спортот и рекреацијата на локално ниво зголемувајќи го опфатот на население со поврзаните услуги и со акцент на младите,

жените и ранливите групи а особено на лицата со попреченост. За да се оствари оваа цел е неопходно да се создаде „отворена за сите", квалитетна и енергетски ефикасна инфраструктура за спорт и рекреација во сопственост на единиците на локалната самоуправа и да се остварува директна и целисходна соработка со спортските федерации. Значајно е да продолжат инвестициските активности со средства од Централниот буџет но и од сопствени средства на општините, од донации и јавно-приватни партнерства и да се создадат соодветни стимулации за директни вложувања на приватниот сектор во оваа област.

По однос на директната поддршка на спортистите пожелно е процедурално вклучување на единиците на локалната самоуправа во реализацијата на ваучер системот каде приоритет треба да имаат младите и жените спортисти. Сите форми на организирање на спортот на локално ниво треба предвид да земат посилно вклучување на жените во органите на управување овозможувајќи многу позасилен развој на спортови од интерес за жените и на женските спортски клубови. Федерациите кои добиваат финансиски средства од државниот буџет треба да обезбедат функционирање на машки и женски спортски клубови и/или репрезентации. Императивно е и да се засили соработката на општините со Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование и наука, за формирање на училишни спортски екипи и лиги како појдовна точка за институционално градење на масовниот спорт во општините.

Поврзано со постепениот трансфер на дел од спортските објекти со кои управува државата на општините, процесот треба да се забрза преку претходно и целосно разрешување на имотно-правните односи. Во овој контекст, треба да се искористат можностите за воспоставување облици на меѓуопштинска соработка за управување со позначајни спортски објекти и рекреативни целини кои се од полза за населението во повеќе соседни општини.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Ревитализација на постоечката и создавање нова, квалитетна и енергетски ефикасна инфраструктура за спорт и рекреација во сопственост на единиците на локалната самоуправа „отворена за сите", со цел да се развива спортот и спортската

култура, спортскиот туризам и спортските индустрии;

1.1.2 Создавање засебна база на податоци (со родово разделени податоци) за пренесената инфраструктура во сопственост на општините, инфраструктурата која е планирано да се пренесе на општините, бројот на спортски клубови потпомогнати од општините и да се овозможи повисок степен на родова еднаквост во спортот;

1.1.3 Забрзување на трансферот на спортските објекти со кои управува државата заедно со вработените лица на општините преку претходно и целосно разрешување на имотно-правните односи;

1.1.4 Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за заедничко управување со спортските објекти и поголеми и позначајни рекреативни зони од микро-регионално или регионално значење;

1.1.5 Соработка на општините со АСМ и МОН за формирање на училишни спортски екипи и лиги како појдовна точка за институционално градење на масовниот спорт во општините.

# КОМПОНЕНТА

# 4

## ЗГОЛЕМЕНА ОТПОРНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## Приоритет 4.1: Унапредени стандарди на урбанистичко планирање и градење во функција на забрзан социо-економски развој, заштита на животната средина и климата

На почетокот на 2020 година беше донесен нов Закон за урбанистичко планирање во кој беа отстранети одредбите поврзани со просторното планирање (се интегрираат во засебен закон) и кој содржи одредби за воведување напреден и европски ориентиран систем на урбанистичкото планирање заснован на широка партиципативност. Покрај тоа, овој нов закон го регулира и спроведувањето на плановите и планската документација низ донесување на проектна документација и поединечни акти кои се во директна надлежност на општината. Од своја страна, особено урбаните општини продолжија со значајни вложувања во подготовка на урбанистичките планови создавајќи притоа позитивни економски ефекти поврзани со низа локални економски гранки но и на приходната страна на општинскиот буџет, ширејќи ја притоа базата на даночни обврзници – поврзано со Данокот на недвижен имот но и приходите од даноците и надоместоците за специфични услуги а во прв ред надоместокот за уредување на градежното земјиште кој во континуитет е најсилен фискален инструмент на општините. По однос на реализацијата на урбанистичките планови треба да се напомене дека електронскиот систем за одобренија за градба на ЗЕЛС е целосно функционален и овозможува Државниот завод за статистика да користи валидни податоци за продукција на месечни варијабли поврзани со статистиката за градбите. Во контекст на градењето, се очекува носење на нов закон а треба да се истакне и напредокот по однос на лиценцирањето на општините за управување со неизградено градежно земјиште во сопственост на државата.

Основна заложба за наредниот програмски период е урбанистичките планови да прераснат во ефективна алатка за заштита на животната средина, намалување на аерозагадувањето и климатските промени преку нова и зелена сообраќајна политика (патеки за пешаци и брзи ленти за велосипедисти), повеќе површини под зеленило, зголемена отпорност од катастрофи, доследна заштита на културното наследство, урбана регенерација на деградирани подрачја, и остварување на специфичните потреби на социјално ранливите категории на граѓани а особено лицата со посебни потреби. Не треба да се потцени и потребата од соодветно планирање и уредување на простор преку

интегрирање на потребите на специфичните потреби на жените.

Од друга страна, не ретко деталните урбанистички планови предизвикуваат реакции кај јавноста особено ако се фокусирани исклучивонаекономскитеефектиидоколкугизанемаруваатсоцијалните и еколошки влијанија. Поучени од овие искуства, препорачливо е јавноста да биде оптимално вклучена во почетната фаза на подготовка на годишните програми за изработка на урбанистичките планови на општините. За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, општините треба да ја зајакнат работата на нивните партиципативни тела. Притоа неопходно е да се обезбеди навремена информираност на сите граѓани преку најразлични канали на комуникација особено земајќи предвид дека најранливите категории најчесто немаат достапност до технологија и современи начини на споделување на информации.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Унапредување на стандардите за урбанистичко планирање со цел да се одговори на здравствените, социо-економските и еколошките влијанијата на кризата предизвикана од Ковид 19 како и понагласените предизвици поврзани со аерозагадувањето и климатските промени и намалувањето на ризикот од катастрофи:

1.1.2 Преиспитување на сообраќајните решенија со цел создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување;

1.1.3 Воведување современи стандарди за урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови од подрачјата во градовите и селата, заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство;

1.1.4 Унапредување на сите партиципативни аспекти на процесот на урбанистичко планирање и понатамошна дигитализација на процесите и процедурите;

1.1.5 Премин кон урбанистичко планирање кое е родово

сензитивно и сензитивно на потребите на најранливите категории од населението;

1.1.6 Јакнење на капацитетите на локалната администрација за управување со просторни и нумерички податоци и прогнозирање на просторните и социо-економските трендови

## Приоритет 4.2: Унапреден квалитет и зголемен опфат на население со комунални услуги

Најголем предизвик во областа на комуналните дејности претставува големиот инвестициски заостаток поврзан со зголемените потреби за обновување и развој на комуналната инфраструктура особено во делот на водните услуги и управувањето со отпадот. Институционална проценка е дека во делот на услугите поврзани со управување со отпадот неопходно е мобилизирање на инвестиции во вредност од минимум 150 милиони евра а кај водните услуги до 2040 година се неопходни инвестиции од над 1.5 милијарди евра. Овој предизвик наложува потреба од засилена координација на сите чинители, соодветно адресирање во фискалната стратегија, диверзификација на изворите на финансирање и нивно оптимално искористување преку подготовка и спроведување на долгорочна инвестициска програма со квалитетно подготвени проекти. Покрај инфраструктурата за водни услуги и управувањето со отпадот неопходно е да се продолжи со инвестиции за санирање и изградба на локални патишта и улици и друга инфраструктура поврзана со вршењето на комуналните дејности.

Со навремен и квалитетно осмислен и спроведен инвестициски циклус ќе се зајакне зелениот сегмент на економијата на државата и ќе се отворат нови и квалитетни зелени работни места како определба на Зелената агенда за Западен Балкан и поврзаниот инвестициски план. Овој инвестициски циклус треба да биде проследен и со реформа на системот на комунални дејности каде се издвојуваат следните приоритети: воспоставување поефикасен локален инспекциски надзор преку негова трансформација во комунална полиција, окрупнување на општинските комунални претпријатија со цел да се овозможи поголема економија на обем и заштеди и континуирано јакнење на капацитетите на општините и општинските јавни претпријатија за унапредување на комуналните услуги. Во контекст на реформата на комуналниот сектор треба да продолжи процесот на воведување економска регулација на

цените на комуналните услуги а особено на услугите за управување со отпад на начин како што тоа беше направено со водните услуги и со цел да се воспостават сите механизми кои ќе обезбедат оправдана трошковна политика на општинските комунални претпријатија.

За да овие системски реформи се ефектуираат неопходно е во најкус можен рок да се определат сите локации за изградба на регионални санитарни депонии за отпад и да се заокружи воспоставувањето на системи за управување со отпад на ниво на плански региони. Исто така, треба да се зајакнат активностите за пренесување на неформалните водоснабдителни системи под надлежност на општинските јавни претпријатија.

Се очекува засилените инвестиции во обем и опфат и доследно спроведената реформа на комуналниот сектор да резултира со подобрени услови за живот а со тоа и повисок животниот стандард на сите граѓани, особено на ранливите групи и населението во руралните подрачја. Со цел овие реформи да добијат широка поддршка кај јавноста и корисниците на комуналните услуги неопходно е континуирано да се спроведуваат мерки за јакнење на јавната свест низ соработка со здруженија на граѓани, во насока на заштита на животната средина, изворите на вода за пиење и инфраструктурата за водни и други комунални услуги но и давање личен придонес во одржување на хигиена на јавниот простор, зеленилото во и околу населените места, урбаната опрема итн.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Подготовка на 4 - 8 или повеќегодишни инвестициски планови со специфични проектни пакети и техничка и финансиска документација (Investment pipeline), засновани на студии на економска оправданост кои е пожелно да се подготвуваат во соработка со донаторите и меѓународните финансиски организации;

1.1.2 Систематско и постепено водење на процес на окрупнување на давателите на водни услуги и управителите со отпад преку регионализација и воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија;

1.1.3 Воспоставување на економска регулација на тарифи и

цени на комунални услуги кои го одразуваат реалниот целосен циклус на оправдани трошоци како и систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП, имајќи ги во предвид субјектите и процедурите кои се утврдени со закон;

1.1.4 Општинските ЈКП значително да ги подобрат сопствените информациски и управувачки практики и системи;

1.1.5 Обезбедување консензус кај локалните чинители за сите локации за регионални депонии и целосно воспоставување на инфраструктура за управување со отпад на ниво на плански региони вклучувајќи затворање и ремедијација на дивите депонии и унапредување на примарната селекција на изворот на создавање на отпадот преку поврзани стимулации;

1.1.6 Континуирано спроведување мерки за јакнење на јавната свест низ соработка со здруженија на граѓани;

1.1.7 Реорганизирање на комунално-редарската служба во единиците на локалната самоуправа.

## Приоритет 4.3: Локализирање на климатската акција и подобрена заштита на животната средина и природата

Постигнување на поголем квалитет во сите медиуми на животната средина е императив за наредниот програмски период особено поради трендот на влошување на состојбите. Притоа се издвојуваат предизвиците поврзани со квалитетот на амбиентниот воздух. Оттаму и потребата од продлабочена координација и соработка на државата со единиците на локалната самоуправа, оформување на соодветна и комплексна инвестициска програма за намалување на аерозагадувањето проследена со низа институционални мерки кои треба да вклучат унапредување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух, засилен инспекциски надзор, подготовка на локални планови за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух а со тоа и локализирање на активностите односно прилагодување на сите мерки и активности на локалниот контекст. Од своја страна државата треба да ги унапреди сите стандарди поврзани со квалитет

на горива, превозни средства и индустриски емисии. По однос на индустриското загадување неопходно е да се овозможи системска поддршка за приватниот сектор преку меки кредитни линии за набавка на опрема и нови технологии за намалување на загадувањето на животната средина како и даночни олеснувања при увоз. Воспоставување и водење на зелена даночна политика е неопходно и по однос на набавка на возила на електричен и хибриден погон за граѓаните и приватниот сектор како за и набавка на велосипеди и други превозни средства на електричен погон и оваа политика треба да се прошири на единиците на локалната самоуправа односно на фискалните инструменти кои можат да се ставaт во функција на стимулирање на еколошки одговорно однесување на даночните обврзници.

По однос на заштитата на водите неопходна е поголема координација на сите чинители и институционална интеграција а со цел да се надмине фрагментираноста на надлежностите, да се овозможи поголема децентрализација и да се зголеми ефективноста и ефикасноста на подготовката и спроведувањето на поврзаните политики мерки за управување со водите на ниво на речен слив како основ за подготовка на општинските програми за интегрално управување со водите, проследено со воспоставување интегриран мониторинг на квалитетот на површинските и подземните води.

По однос на управувањето со отпадот предвидено е спроведување на сеопфатна реформа преку унапредување на целокупната законска рамка и продолжување на процесот на санацијата на преостанатите жешки точки преку ремедијација а со цел да намали притисокот на загадувањето врз животната средина и здравјето на луѓето.

Особено внимание во наредниот период треба да се посвети на унапредување на управувањето со заштитените подрачја со фокус на навремена и квалитетна подготовка на плановите за нивно управување и подобрено финансирање (особено во делот на плаќањата за екосистемски услуги), поголемо инволвирање на единиците за локална самоуправа во управувањето со соодветни категории на заштитени подрачја и воведување на забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови. Неопходно е да продолжат активностите за валоризација на заштитените подрачја, нивно систематско и методично

репрогласување и прогласување на нови заштитени подрачја каде се издвојува иницијативата за прогласување на Шар Планина за нов национален парк.

Состојбите во животната средина налагаат заострување на прекршочната и казнена политика при што од оперативен карактер е нужно да се јакне капацитетот на државниот инспекторат и локалните инспекциски служби во општините. Во овој контекст треба да се зајакне меѓуопштинската соработка. Овие активности треба да бидат проследени и со интензивирање на кампањи за јакнење на јавната свест кои треба да се реализираат низ директна соработка со здруженијата на граѓани а со цел да се јакне транспарентноста и отчетноста на институционалните чинители вклучувајќи ги општините и ЈКП и следствено да се зголемува довербата кај граѓаните. Во контекст на доброто владеење потребно е воспоставување на ефективни механизми за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина и зајакнување на административниот капацитет на надлежните органи одговорни за оцена на животната средина за стратешки планови, програми и проекти. Треба да се поддржат сите партиципативни тела во општините преку овозможување соодветни просторни и технички услови вклучувајќи поддршка на иницијативите на граѓаните како и на механизмот на локално референдумско изјаснување.

Во наредниот период треба да се посвети внимание на заштита од бучавата во животната средина особено во урбаните средини.

Засебен предизвик претставува реализацијата на зеленото сценарио од Стратегијата за развој на енергетиката каде во контекст на намалување на негативните влијанија врз животната средина како приоритетни се издвојуваат потребите за: 1) систематски и посилни вложувања во енергетската ефикасност; 2) засилена контрола на градилиштата и почитување на енергетските критериуми при градба и реконструкција на објекти; 3) удвојување на производството на енергија од обновливи извори (сончева енергија, ветерни и биогасни електрани) на среден рок и 4) завршување на магистралните гасоводи и носење одлука низ консултација со единиците на локалната самоуправа за избор на најсоодветен модел за изградба на дистрибутивни мрежи на природен гас. Големи се очекувањата од воспоставувањето на Фондот за енергетска ефикасност кој треба да обезбеди средства на

одржлива основа за финансирање на проекти поврзани со енергетската ефикасност (ЕЕ), меѓу останатото и на јавните објекти во сопственост на општините и локалните установи и претпријатија, но и исполнување на сите други со закон утврдени локални надлежности поврзани со ЕЕ.

Инвестициите во еколошката инфраструктура и други мерки за заштита на животната средина симултано ќе допринесат за исклучително позитивни економски ефекти како по однос на заживување на специфични сегменти на пазарот (градежништвото, примената на нови технологии и други гранки), така и по однос на подигнување на додадената вредност во содржината на локално произведените добра и услуги, засилувајќи ја на тој начин конкурентноста на локалната економија но и економијата на државата во целина. Токму поголемата конкурентност со т.н. „еко“ услуги и производи и преминот кон „циркуларна економија“ ќе ја олесни целокупната транзиција на постоечкиот економски модел на државата кон зелен развоен модел заснован на извоз. Во спрега со развојот на човечкиот капитал преку стекнување на специфични напредни знаења и вештини за примена на „чисти“ технологии , моделот на одржлив локален економски раст и развој ќе резултира и со отворање нови и квалитетни „зелени“ работни места.

Заеднички именител за адресирање на сите овие шредизвици е потребата од многу поефикасна координацијата помеѓу централните и локалните власти и зајакната меѓусекторската соработка како и интегрално јакнење на човечките капацитети на сите ниво на власт (особено во руралните општини) за ефективна заштита на животната средина и интегрирање на заштитата на животната средина во другите политики (земјоделство, транспорт, енергетика, индустриска политика итн.). На ова се надоврзува и потребата од посветено спроведување на транзицијата кон климатска неутралност, овозможување ефикасна климатска акција преку локализирање на одговорот на климатските промени со фокус на најранливите категории од населението кои се и најизложени на штетните ефекти на климатските промени.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Унапредување на нормативната рамка и националните политики од областа на животната средина и климатските промени, доуредување на надлежностите на општините во насока на поголема автономија во нивното извршување и јакнење на со закон утврдените механизми за финансирање на пренесените надлежности на општините;

1.1.2 Сеопфатно јакнење на капацитетите на локалните

институционални чинители искористувајќи ги притоа законските можности за воспоставување на заедничка администрација на општините кои немаат доволно човечки ресурси;

1.1.3 Продлабочена координација и соработка на државата со единиците на локалната самоуправа, оформување на соодветна и комплексна инвестициска програма за намалување на аерозагадувањето проследена и со низа институционални мерки кои треба да вклучат унапредување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух, засилен инспекциски надзор, подготовка на локални планови за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух а со тоа и локализирање на активностите односно прилагодување на сите мерки и активности на локалниот контекст;

1.1.4 Заострување на прекршочната и казнена политика;

1.1.5 Воспоставување и водење на зелена даночна, урбанистичка, сообраќајна и транспортна политика на државно и локално ниво;

1.1.6 Поефикасна координација на сите чинители и институционална интеграција а со цел да се надмине фрагментираноста на надлежностите од областа на управувањето со водите;

1.1.7 Решавање на наследените индустриски загадувања и ревитализација на деградираните простори во општините;

1.1.8 Унапредување на управувањето со заштитените подрачја и преку воспоставување облици на меѓуопштинска соработка;

1.1.9 Развој и спроведување на општински програми за енергетска ефикасност искористувајќи ги можностите за воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка;

1.1.10 Систематски и посилни вложувања во енергетската ефикасност;

1.1.11 Воспоставување на ефективни механизми за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина и зајакнување на административниот капацитет на надлежните органи одговорни за оцена на животната средина за стратешки планови, програми и проекти;

1.1.12 Доследна и континуирана оперативна поддршка од страна на единиците на локалната самоуправа за сите партиципативни тела во општините преку овозможување соодветни просторни

и технички услови вклучувајќи поддршка на иницијативите на граѓаните како и на механизмот на локално референдумско изјаснување;

1.1.13 Спроведување кампањи за јакнење на јавната свест кои треба да се реализираат низ директна соработка со здруженијата на граѓани а со цел да се јакне транспарентноста и отчетноста на институционалните чинители вклучувајќи ги општините и ЈКП и следствено да се зголемува довербата кај граѓаните;

1.1.14 Подигање на јавната свест кај граѓаните за проблемите поврзани со климатските промени со цел да се зголеми адаптивниот капацитет на локалното население и локалното стопанство, а особено во секторите земјоделството и сточарство, биолошката разновидност, шумарство, здравство, туризам, културно наследство, водни ресурси и социо-економски развој;

1.1.15 Овозможување ефикасна климатска акција преку локализирање на одговорот на климатските промени со фокус на најранливите категории од населението кои се и најизложени на штетните ефекти на климатските промени.

## Приоритет 4.4: Подобрена заштита на населението од кризи и катастрофи

Република Северна Македонија е изложена на влијанието на разни видови на природни непогоди и други несреќи, како што се поплавите, шумските пожари, сушите, земјотресите, свлечиштата, настаните поврзани со екстремни температури  и временски непогодиуслови, итн. Поплавите се најчести и со најголем интензитет и магнитуда, шумските пожари се зголемуваат во интензитетот, додека земјотресите имаат најголемо влијание врз државата и нејзините граѓаните, во однос на загубите на човечки животи и предизвиканите материјални штети. Имајќи го во предвид постојаното влошување на состојбата на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, очекувано е да настапи период на значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на катастрофалните настани кои ќе имаат сериозно влијание на отпорноста на локалните заедници.

Од друга страна, во изминативе неколку години сведоци сме на појава на нови, нетипични ризици и закани, кои претставуваат акутен шок и долготраен стрес за системот за управување со кризи во поглед на

подготвеноста, одговорот и опоравокот, како на национално, така и на локално ниво. Тука се вбројуваат мигрантската и бегалската криза од 2015 година, како и пандемијата на Ковид-19. Имајќи го сето ова во предвид, неопходно е системот за намалување на ризици од катастрофи да премине од фрагментиран сет на активности и мерки за одговор и опоравок, во добро структуриран систем за превенција, рано предупредување, одговор и отпорен опоравок. Последователно и потребата од зајакнати локални надлежности а преку нив и засилена улога за единиците на локална самоуправа како први чинители кои се справувале и ќе продолжат да се справуваат со кризите и катастрофите но и први кои ќе обезбедат заштита и ублажување на негативните ефекти. Во овој контекст и земајќи го предвид искуството со тековната здравствена криза предизвикана од Ковид -19 се налага потреба од вклучување на одговорот на здравствени кризи во сегментот со управувањето со кризи и негово јакнење на локално ниво,.

Клучна определба за наредниот период е да се воспостави ефикасен и функционален национален систем за превенција, рано предупредување, подготвеност, одговор и опоравок од природни и од човек предизвикани несреќи и катастрофи, во кој општините ќе партиципраат според јасно дефинирани и зајакнати надлежности и одговорности и со доволно капацитети и ресурси. Оваа определба е во согласност со Програмата на Владата на РСМ од 2020 год. во која е дефинирано реализирањето на структурна реформа на системите за управување со кризи и заштита и спасување како и со Рамката за акција од Сендаи на ООН за периодот 2015-2030 година . Од нивна страна, општините треба редовно да ги ажурираат процените на загрозеност од сите видови на ризици и опасности и истите да ги земат предвид во сите стратешки и програмски документи како и планови на локално ниво. Од друга страна, одговарајќи на предизвиците на урбаните ризици и опасности, вклучувајќи ги и климатските промени, кои влијаат врз отпорноста, градовите во државата потребно е да подготват стратегии за нивна урбана отпорност и развој на сеопфатни политики и имплементација на мерки и активности за трансформација и адаптација. Сите овие мерки неопходно е да бидат придружени со подготовка на програма за континуирано градење на капацитетите на општините, соработка со јавниот и приватниот сектор, академијата, како и инклузивност и партиципативност на процесите и вклучувањето на различните категории на граѓани.

Низапредизвицисеувиденииподоносонасегментотнапротивпожарната заштита, како во поглед на одржливото и редовно финансирање, така и во поглед на организациската поставеност, функционалната надлежност и расположливите ресурси. Главен предизвик на кој треба

да се одговори во наредниот период е функционално интегрирање на територијалните противпожарни единици во единствениот систем за намалување на ризици од катастрофи преку усогласување на надлежностите, модернизирање, техничко опремување, кадровско зајакнување и консолидирање на изворите на финансирање.

На крај, земајќи го во предвид целокупниот сегмент на намалувањето на ризици на локално ниво, неопходно е да се обезбеди и поголема јавна безбедност и сигурност на локално ниво.

Приоритетот ќе се остварува преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Создавање нормативна рамка и воспоставување ефикасен и функционален систем за превенција, рано предупредување, подготвеност, опоравок и одговор на несреќи и катастрофи, вклучувајќи ги и општините со јасно дефинирани надлежности и одговорности;

1.1.2 Редовно ажурирање на процените на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и на безбедноста од сите видови на ризици и опасности на единиците на локална самоуправа како основни документи и алатки за вклучувањето на намалувањето на ризиците од несреќи и катастрофи во стратешките и програмските документи и планови на локално ниво;

1.1.3 Донесување на стратегии за отпорност на градовите преку развој на сеопфатни политики, мерки и активности за трансформација и адаптација;

1.1.4 Подготовка на програма за континуирано градење на капацитетите на општините, соработка со јавниот и приватниот сектор, експертската јавност, како и обезбедување целосна инклузивност и партиципативност во процесите;

1.1.5 Функционално интегрирање на територијалните противпожарни единици во реформиран систем за заштита и спасување и управување со кризи преку усогласување на надлежностите, модернизирање, техничко опремување, кадровско зајакнување и консолидирање на изворите на финансирање;

1.1.6 Воспоставување облици на меѓуопштинската соработка за подготовка и спроведување заеднички практични мерки, активности и обврски на општините вклучувајќи основање на меѓуопштински ТППЕ (доколку е неопходно да се направи и усогласување на законите) и промоција на волонтерството во противпожарната заштита.

## Приоритет 4.5: Подобрени локални услуги од областа на здравствената заштита

Искуството со пандемијата предизвикана од Ковид-19 укажува на потребата од зајакнување на законската рамка и институционалната капацитети, како и човечките и финансиските ресурси на сите засегнати страни а особено на локалниот одговор на здравствените кризи. Оттаму, клучна определба за наредниот програмски период е општините да бидат целосно вклучени во раното предупредување и проценката на ризиците и опасностите од здравствени кризи, со јасно дефинирани обврски и одговорности а со цел да се креираат стратегии и политики за отпорен локален развој, но и за навремен, ефикасен и ефективен одговор на здравствените кризи. Во овој контекст неопходно е да се унапреди моделот на децентрализација во здравствената заштита преку дефинирање на соодветни надлежности и обврски за општините, придружени со трансфер на доволно финансиски и човечки ресурси. При тоа, на општините треба да им се овозможи самостојно да спроведуваат превентивни, оперативни, рестриктивни и други мерки во зависност од локалниот контекст, профилот на опасности и тековните економски, социјални и други состојби. Овој пристап треба да е придружен со ефикасен и ефективен механизам за подобрена соработка, комуникација и координација со институциите на локално ниво, со центрите за јавно здравје но и по вертикала со сите надлежни државни органи на управата.

Предвидено е овој приоритет од Програмата да се оствари преку спроведување на следниве мерки:

1.1.1 Понатамошна децентрализација со цел да се зајакне локалниот одговор на здравствени кризи, подобро да се остварува здравствената заштита особено на најраналивите групи од населението, и да се унапредува јавното здравје на одржлив и систематски начин;

1.1.2 Овозможување општините да спроведуваат превентивни, оперативни, рестриктивни и други мерки во согласност со локалниот контекст и здравствената состојба на населението;

1.1.3 Да се овозможи поефикасна соработка, комуникација и координација на хоризонтално ниво во општините, со центрите за јавно здравје но и со релевантните органи на државната управа.

III

# ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето и ко-финансирањето на мерките од оваа Програма како и на активностите и проектите утврдени во акциските планови ќе се врши преку следниве извори на средства:

- Од Буџетот на Република Северна Македонија, од буџетските алокации на Министерството за локална самоуправа и на другите органи на државната управа, агенции и фондови кои се носители на спроведување на одделни активности и проекти, согласно со донесените Акциски планови на Програмата;
- Буџетски алокации од буџетите на единиците на локалната самоуправа за реализација на активности и проекти;
- Средства по основ на донации и спонзорства;
- Подршка од меѓународни донатори;
- Средства од предпристапната помош на ЕУ (ИПА) за соодветни компоненти и сектори, а во рамки на кои се предвидени средства за поддршка на: процесот на децентрализација и јакнење на системот на локална самоуправа вклучувајќи го спроведувањето на релевантните политики и закони, локалниот развој, прекуграничната соработка на општините итн.;
- Други извори на финасирање.

Од особено значење е во наредниот програмски период систематски да се јакнат капацитетите на општините за ефикасна абсорпција на средствата од ИПА низ дизајнирање и спроведување на соодветни програми за обука и обезбедување дополнителни ресурси (организациски и финансиски) за да се помогне особено на помалите општини кои немаат доволен капацитет да се справат со реализација на покрупни проекти.

# IV

# СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Операционализацијата на програмските определби ќе се врши преку подготовка и спроведување на три-годишни акциски планови.

За јакнење на координација на сите органи и тела вклучени во спроведувањето на Програмата и акциските планови **ќе се формира заедничко Координативно тело на сите носители на активности и проекти, врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за локална самоупра**ва.

Начинот на функционирање на Координативното тело ќе биде утврден со Деловник за работа.

Примарна обврска на ова Координативно тело е да обезбеди навремени и сеопфатни информации за реализација на активностите и проектите врз основа на кои Министерството за локална самоуправа ќе подготвува годишни извештаи за спроведување на Програмата и акциските планови и истите ќе ги доставува до Владата на разгледување и усвојување. Ова Координативно тело ќе биде инволвирано и во организирање на консултативни настани:‡тематски работилници и конференции, согласно потребите за вршење мониторинг, периодична евалуација и известување по однос на резултатите од спроведувањето на Програмата и акциските планови.

Министерството за локална самоуправа ќе продолжи со востановената практика на реализација на редовни анкетни и други истражувања во единиците на локалната самоуправа а со поддршка на заинтересирани донатори и на анкетни истражувања на задоволството на граѓаните од испораката на локалните услуги.

За начинот на известување за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 и три-годишните акциски планови, Министерството за локална самоуправа

ќе активира наменска електронска алатка и ќе сподели Кориснички Прирачник со сите носители на активности и проекти кои се наведени во Акцискиот план. Оваа електронска платформа врз основа на пополнети податоци има функционалност да генерира извештаи за статусот на спроведување на Акцискиот План на Програмата.

Периодичните евалуации и завршната евалуација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 ќе се реализираат врз основа на Матрица за стратешки мониторинг (Анекс 1). Во Матрицата за стратешки мониторинг се наведени ограничен број на мерливи индикатори од стратешки карактер за секој од приоритетите на Програмата а врз основа на достапни податоци за базна година и постоење на редовни извори на податоци, притоа се испроектирани целни вредности на учинок за периодот до 2024 и 2026 година.

# АНЕКС

# 1

## МАТРИЦА ЗА СТРАТЕШКИ МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021 – 2026

| | | |
|---|---|---|
| Компонента 1: НОРМАТИВНА РАМКА И ФИ | | |
| Приоритет 1.1: Подобрување на нормативната рамка и други функционални аспекти на системот | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Задоволство на граѓаните од квалитетот на животот во нивната општина (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| Задоволство на граѓаните од начинот на кој се менаџира со општината каде живеат (% на делумно и целосно задоволни испитаници) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| Задоволство на граѓаните од услугите што ги обезбедуваат општините (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| Број на општини со воспоставен едношалтерски систем за услуги | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности | |
| Задоволство на граѓаните од транспарентноста и отчетноста на општините (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| Приоритет 1.2: Обезбедување доволно финансиски средства за спроведување на сите децентрал | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Удел (%) на локалните јавни приходи во БДП | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Удел (%) на локалните јавни приходи во јавни приходи на Општата власт | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Задоволство на граѓаните од фискалната транспарентност на општините (% на задоволни испитаници) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| Компонента 2: ИНОВАТИВЕН И ИНКЛ | | |
| Приоритет 2.1: Создавање на неопходни предуслови за забрзан економски развој и раст на едини | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Вкупни расходи на ЕЛС за локален економски развој (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Оценка на задоволството на граѓаните од ЛЕР (на скала од 1-5 каде 5 е највисока оценка) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| Облици на меѓуопштинска соработка за поддршка на претприемништво и МСП, иновации и паметна специјализација | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности | |
| Приоритет 2.2: Развој на локални политики за намалување на невработеноста и спроведување на | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |

| ИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА | | | |
|---|---|---|---|
| т на локална самоуправа | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2020 | 3.1 | 3.3 | 3.5 |
| 2020 | 35.1% | 40% | 45% |
| 2020 | 3.07 | 3.25 | 3.40 |
| 2018 | 17 | 25 | 40 |
| 2020 | 2.7 | 3 | 3.3 |
| лизирани надлежности преку продлабочување на фискалната децентрализација | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2019 | 5.40% | 5.80% | 7.00% |
| 2019 | 15.40% | 17.00% | 20.00% |
| 2019 | 18.5% | 30% | 40% |
| УЗИВЕН ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | | | |
| иците на локалната самоуправа | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2019 | 482 | 700 | 920 |
| 2020 | 2.59 | 2.8 | 3.00 |
| 2020 | 0 | 3 | 5 |
| а комплементарни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |

| | | |
|---|---|---|
| Број на општини со евиденција на состојби на пазарот на труд | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности | |
| Број на општини со спроведени програми за поддршка за жените во отварање и водење бизнис | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности | |
| **Компонента 3: КВАЛИТЕТНИ ЛОКАЛНИ УС** | | |
| **Приоритет 3.1: Ставање на основното и средно образование во функција на забрзан социо-еконо** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Број на подрачни училишта за основно образование | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на МОН | |
| Број на комбинирани училишта за средно образование. | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на МОН | |
| Процент на ученици од заедницата на Ромите кои завршиле основно образование од запишаните во прво одделение | Извештаи на МОН | |
| Задоволство на граѓаните од образовните услугите што ги обезбедуваат општините (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| **Приоритет 3.2: Унапредување на локалните услуги поврзани со социјалната заштита и заштитата** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Опфат на деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки (%) | ДЗС МАКСтат - база на податоци | |
| Број на детски градинки/број на општини со детски градинки | Извештаи на МТСП | |
| Број на засолништа за жртви на родово засновано насилство | Извештаи на МТСП | |
| Вкупни расходи на ЕЛС за родова еднаквост (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Задоволство на граѓаните од услугите поврзани со социјалната заштита во општините (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| **Приоритет 3.3: Развој на единиците на локалната самоуправа преку културата** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Вкупни расходи на ЕЛС за култура (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Воспоставени облици на меѓуопштинска соработка во културата | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на МК | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2020 | 0 | 25 | 40 |
| 2020 | 0 | 10 | 20 |
| СЛУГИ СО ЦЕЛОСЕН ОПФАТ НА НАСЕЛЕНИЕТО | | | |
| мски развој на единиците на локалната самоуправа | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2020 | 630 | 610 | 590 |
| 2020 | 38 | 35 | 32 |
| 2020 | 80 | 95 | 98 |
| 2020 | 3.43 | 3.6 | 3.8 |
| а на децата од страна на единиците на локалната самоуправа | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2018 | 26 | 35 | 40 |
| 2020 | 71/60 | 80/65 | 85/70 |
| 2020 | 5 | 7 | 8 |
| 2019 | 1.1 | 10 | 20 |
| 2020 | 2.81 | 3.00 | 3.15 |
| | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г | Целна вредност во 2026 г |
| 2019 | 763 | 800 | 850 |
| 2020 | 0 | 3 | 6 |

| Приоритет 3.4: Унапредување на спортот и рекреацијата во единиците на локалната самоуправа | | |
|---|---|---|
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Вкупни расходи на ЕЛС за спорт и рекреација (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Воспоставени облици на меѓуопштинска соработка во спортот и рекреацијата | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на АМС | |
| **Компонента 4: ЗГОЛЕМЕНА ОТПОРНОСТ И О** | | |
| **Приоритет 4.1: Унапредени стандарди на урбанистичко планирање и градење во функција на заб** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Број на усвоени урбанистички планови | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на МТВ | |
| Вкупни расходи на ЕЛС за урбанистичко планирање (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Задоволство на граѓаните од урбанизмот во општините (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| **Приоритет 4.2: Унапреден квалитет и зголемен опфат на население со комунални услуги** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Процент од населението покриено со јавен водовод (%) | ДЗС МАКСтат - база на податоци - Животна средина и Националната Стратегија за води | |
| Процент од населението покриено со систем за собирање на отпадни води (%) | ДЗС МАКСтат - база на податоци - Животна средина и Националната Стратегија за води | |
| Процент од населението покриено со систем за третман на отпадни води (%) | ДЗС МАКСтат - база на податоци - Животна средина и Националната Стратегија за води | |
| Број на целосно воспоставени системи за управување со отпад на ниво на плански региони | ДЗС МАКСтат - база на податоци и извештаи на МЖСПП | |
| Локална патна инфраструктура (km') | ДЗС МАКСтат - база на податоци - Транспорт | |
| Задоволство на граѓаните од комуналните услуги во општините (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| **Приоритет 4.3: Локализирање на климатската акција и подобрена заштита на животната средин** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Вкупни расходи на ЕЛС за заштита на животната средина и природата (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Задоволство на граѓаните од испораката на локалните услуги за заштита на животната средина (оцена на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г | Целна вредност во 2026 г |
| 2019 | 335 | 400 | 450 |
| 2020 | 0 | 4 | 6 |
| ДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА | | | |
| брзан социо-економски развој, заштита на животната средина и климата | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2020 | 419 | 500 | 850 |
| 2019 | 792 | 850 | 950 |
| 2020 | 2.93 | 3.10 | 3.30 |
| | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2016 | 78,5% | 85% | 90% |
| 2016 | 77,2% | 82% | 85% |
| 2016 | 24.1% | 40% | 60% |
| 2020 | 0 | 3 | 4 |
| 2019 | 5383 | 6000 | 6200 |
| 2020 | 3.02 | 3.20 | 3.30 |
| а и природата | | | |
| азна година | Вредност во базна година | Целна вредност во 2024 г. | Целна вредност во 2026 г. |
| 2019 | 196 | 250 | 400 |
| 2020 | 2.74 | 2.90 | 3.10 |

| | | |
|---|---|---|
| Воспоставени облици на заедничка администрација на општините за заштита на животната средина и природата | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на МЖСПП | |
| Број на ЕЛС што управуваат со заштитени подрачја | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на МЖСПП | |
| Воспоставени облици на меѓуопштинска соработка за енергетска ефикасност | Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на МЕ и АЕ | |
| **Приоритет 4.4: Подобрена заштита на населението од кризи и катастрофи** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Број на единици на локалната самоуправа со пристап во Е-Процена (на ризици и опасности) | Извештаи на ЦУК | |
| Број на градови со стратегии за отпорност | Публикувани стратегии<br>Анкета во ЕЛС за спроведување на локалните надлежности и извештаи на ЦУК | |
| Вкупни расходи на ЕЛС за противпожарна заштита (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Вкупни расходи на ЕЛС за заштита и спасување (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Оценка на задоволството на граѓаните од услугите во противпожарната заштита (на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| **Приоритет 4.5: Подобрени локални услуги од областа на здравствената заштита** | | |
| **Опис на индикаторот** | **Извор на податоци** | **Б** |
| Вкупни расходи на ЕЛС за унапредување на здравствена заштита (во милиони денари) | Годишен работен Извештај за финансирање на ЕЛС (Комисија за следење на системот за финансирање на ЕЛС) | |
| Задоволство на граѓаните од услугите поврзани со здравството и здравствената заштита во општините (просечна оценка на скала од 1-5) | Анкета за испитување на задоволството на граѓаните од локалните услуги | |
| Број на општи матични лекари на 1.000 осигуреници | ФЗО | |
| Број на матични гинеколози на 1.000 жени осигуреници | ФЗО | |
| Број на матични стоматолози на 1.000 осигуреници | ФЗО | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2020 | 0 | 3 | 6 |
| 2020 | 8 | 12 | 16 |
| 2020 | 1 | 3 | 6 |
| | | | |
| **азна година** | **Вредност во базна година** | **Целна вредност во 2024 г.** | **Целна вредност во 2026 г.** |
| 2020 | 0 | 40 | 81 |
| 2020 | 1 | 5 | 15 |
| 2019 | 464 | 500 | 550 |
| 2019 | 0.89 | 15 | 30 |
| 2020 | 3.36 | 3.50 | 3.70 |
| | | | |
| **азна година** | **Вредност во базна година** | **Целна вредност во 2024 г.** | **Целна вредност во 2026 г.** |
| 2019 | 13.7 | 20 | 25 |
| 2020 | 3.13 | 3.4 | 3.5 |
| 2019 | 0.78 | 0.82 | 0.85 |
| 2019 | 0.16 | 0.19 | 0.22 |
| 2019 | 0.66 | 0,72 | 0,83 |

# АНЕКС

# 2

## ЛИСТА СО КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ООН** | Организација на обединетите нации |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **УНДП** | Агенција за развој на обединетите нации |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ЗЕЛС** | Заедница на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија |
| **ЦОР** | Цели на одржлив развој |
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **ЈКП** | Јавно комунално претпријатие |
| **ЕЕ** | Енергетска ефикасност |
| **ТППЕ** | Територијални противпожарни единици |
| **ЕЛС** | Единици на локалната самоуправа |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **АЕ** | Агенција за енергетика |
| **ЦУК** | Центар за управување со кризи |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |